РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-2746/2
15-11-2024

Врз основа на член 10 став 2 од Законот за лобирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/2021), член 22 став (1) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по Пријавата за запишување во Регистарот на лобисти, лоби организации и лобирање бр. 09-2746/1 од 24.10.2024 година на правното лице КОНТИМ Агроконсалтинг ДООЕЛ Скопје, на 10 - та седница одржана на 08.11.2024 година, го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

Пријавата за запишување во Регистарот на лобисти, лоби организации и лобирање бр. 09-2746/1 од 24.10.2024 на правното лице КОНТИМ Агроконсалтинг ДООЕЛ Скопје **СЕ УВАЖУВА.**

Во Регистарот на лобисти, лоби организации и лобирање се запишуваат:

- ЛОБИ ОРГАНИЗАЦИЈА:
  правно лице КОНТИМ Агроконсалтинг ДООЕЛ Скопје ЕМБС 6276806
  ул. „Мито Хаџивасилев Јасмин“ бр.16/41, Скопје, е-пошта: ____________

- ПРЕТСТАВНИК НА ЛОБИ ОРГАНИЗАЦИЈАТА:

1. Златко Еделински, ЕМБ __________, ул. „ ____________“ бр.___ “, Скопје

Лоби организацијата за регистрира за вршење лобирање во следните области:

- БЕЗБЕДНОСТ НА ХРАНА
- ВНАТРЕШЕН ПАЗАР
- ЕКОНОМИЈА
- ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА
- ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ
- ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО
- ИНДУСТРИСКА СОПСТВЕНОСТ
- ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

Запишувањето на лоби организацијата и нејзините претставници во Регистарот да се

изврши на денот на донесување на ова решение.

Ова решение стапува во сила со денот на донесувањето.

***Образложение***

До Државната комисија за спречување на корупцијата преку електронската платформа https://lobisti.dksk.mk, доставена е Пријава за запишување во Регистарот на лобисти, лоби организации и лобирање бр. 09-2746/1 од 24.10.2024 година на правното лице КОНТИМ Агроконсалтинг ДООЕЛ Скопје.

Согласно член 10 став (1) од Законот за лобирање, Државната комисија ја провери потполноста на пријавата и утврди дека пријавата ги содржи сите потребни податоци и прилози и тоа:

- Пријава – пополнета и потпишана од управителот на правното лице, Златко Еделински;

- Тековна состојба од Централниот регистар за правното лице КОНТИМ Агроконсалтинг ДООЕЛ Скопје издадена електронски на ден 21.10.2024 година;

- фотокопија од пасош на Златко Еделински;

- потпишана изјава од Златко Еделински, како лице кое се пријавува за претставник на лоби организацијата, а со која изјава потврдува непостоење на ограничувањата за вршење на лобирање.

По извршена проверка на потполноста на пријавата и проверка на исполнетоста на условите од членовите 6 и 7 од Законот за лобирање, а со оглед на тоа што на подносителот не му е суспендирано правото на повторно запишување во Регистарот (подносителот се запишува за прв пат во Регистарот), Државната комисија утврди дека се исполнети сите законски услови за запишување на правното лице КОНТИМ Агроконсалтинг ДООЕЛ Скопје како лоби организација во Регистарот на лобисти, лоби организации и лобирање.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Согласно горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Претседател,

Татјана Димитровска

**Изготвил: Е.М.советник**
**Контролирал :И.Б .држ. советник**
**Одобрил: С.Д., член**

**Да се достави до:**
**- подносителот**